**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

***од учеството на Заменикот на претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија г-дин Благој Зашов на 36-та* Конференција *на* комисиите за европски прашања на земјите членки на ЕУ- КОСАК, *одржан во Хелсинки, Финска, на 20-21 ноември 2006 година***

**<u>ПРИЛОГ Бр.1</u>:**
**ЗАКЛУЧОЦИ ОД 36 -от КОСАК**
**Хелсинки, 20-21 ноември 2006**

**<u>ПРИЛОГ Бр. 2</u>:**
**ПРИДОНЕС НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА КОМИСИИТЕ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (КОСАК) КОН ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ,**
**усвоен на 36-от КОСАК**

Скопје, декември 2006 година

*На 20-21 ноември 2006 година во Хелсинки, Финска, се одржа 36-та Конференција на комисиите за европски прашања на земјите членки на ЕУ-КОСАК, под претседателство на Финска, како актуелен претседавач со Унијата.*

*На состанокот присуствуваа претседателите и членови на комисиите за европски прашања на земјите членки на Унијата, земјите пристапнички (Бугарија и Романија) земјите кандидати за членство (Турција, Хрватска и Македонија), делегација на Парламентот на Украина, како специјални гости и делегација на Европскиот парламент.*

*Како претставник на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија на Конференцијата учествуваше заменикот на претседателот на Комисијата, г-дин* ***Благој Зашов.***

*

* *

Со состанокот претседаваше претседателот на Големата Комисија, надлежна за европски прашања на Финскиот парламент, г-нот **Јари Вилен , а беа**

На Конференцијата се расправаше за следните теми:

- *Контрола на субсидијарноста и пропорционалноста; Кофинансирање на Секретаријатот на КОСАК;*
- *Улогата на Финското Претседателство на ЕУ: вовед на Премиерот на Финска Г-дин Мати Ванханен;*
- *Правда и внатрешни работи- Преглед на Хашката програма и*
- *Северната димензија и Русија*

*********

### -Контрола на субсидијарноста и пропорционалноста

Претседателот на Големата Комисија, надлежна за европски прашања на Финскиот парламент г-нот **Јари Вилен,** истакна дека КОСАК претставува форум за размена на мислења во врска со имплементацијата на контролата на субсидијарноста и пропорционалноста. Во таа смисла како особено важно беше посочено значењето на учеството на националните парламенти на земјите членки на ЕУ во донесувањето на одлуки од страна на Европскиот совет и Европската Комисија. Праламентарниот надзор е корисен и треба да продолжи во насока на контролирање на работата на Советот и на Комисијата. Притоа беше подвлечено дека парламентите треба да развијат заеднички пристап за разбирање на принципите на субсидијарност и пропорционалност со цел да се овозможи нивната надзорна улога на идните законодавни предлози на ЕУ. Проверката треба да се спроведе со целосно почитување на внатрешната работна програма на националните парламенти. Како корисна алатка за размена на информации беше посочено користењето на *IPEX* базата на податоци.

Г-нот Вилен давајќи краток преглед на резултатите од извршената контрола на субсидијарноста и пропорционалноста во врска со Предлогот на Комисијата за надлежноста во бракоразводните спорови и прописите за поштенските услуги, истакна дека сфаќањето на принципите на субсидијарност и пропорционалност е многу различно сфатено меѓу парламентарците. Од вкупно 27 парламентарни тела од 20 земји членки, кои учествуваа во контролата, повеќето од нив не утврдија повреда на принципите на пропорционалност и субсидијарност. Една третина од нив, забележале дека Комисијата не го образложила доволно својот предлог.

Како основен документ за избор на теми за идните контроли на субсидијарноста беше нагласено дека за тоа би можела да послужи Годишната работна програма на Комисијата. Улогата на КОСАК да врши координативна функција во однос на контролите.

Претседателството заклучи дека сегашната контрола на субсидијарноста и пропороционалноста на Предлогот на Комисијата за целосно создавање на внатрешен пазар за поштенски услуги ќе продолжи за време на германското претседателство.

б) *Кофинасирање на Секретаријатот на КОСАК*

Претседавачот Вилен сумирајќи ги резултатите на Работната група за заедничко финансирање на постојан член на Секретаријатот на *КОСАК* посочи дека заедничка е констатацијата на сите парламенти дека работата на Секретаријатот е корисна. Г-нот Вилен предложи ова прашање да се регулира во Деловникот на КОСАК , за што формална одлука може да се донесе за време на португалското претседателство со ЕУ. Тој информира дека досега 15 парламенти изразиле желба за учество во механизмот за заедничко финансирање.

## ***Улогата на Финското Претседателство на ЕУ: вовед на Премиерот на Финска Г-дин Мати Ванханен***

Во своите воведни напомени, Премиерот на Финска *Г-дин .Мати Ванханен* говореше за постигнатите и реализирани активности како и за прашањата и активностите кои треба да се реализираат во претстојниот период за време на Финското претседавање.

Финскиот премиер истакна дека Европа мора да се фокусира на создавање услови за реализирање на правата од интелектуална сопственост, стандардизацијата и платформите за развој на технологијата. Потенцирајќи дека енергијата и понатаму останува да биде една од приоритетите на Европската унија, Ванханен истакна дека на Самитот во Лахти направен е голем чекор во создавањето на европската надворешна енергетска политика.

Во своето обраќање Ванханен говореше за значењето на поинтензивното развивање на односите и соработката со Русија преку преговори за постигнување на договор за стратегиско партнерство.

Во врска со стратегијата за проширувањето на Унијата финскиот премиер позитивно ја оцени политиката на проширување на ЕУ. Притоа беше поздравено влегувањето на Романија и Бугарија во Унијата на почетокот на 2007-та година, како и започнувањето на преговорите со

Турција во 2005 година. Целта на претседателството е да се создаде заедничко сфаќање на иднината на процесот на проширување. Со цел да се избегне криза во врска со преговорите за турското зачленување не се планира покренување на ова прашање на Европскиот самит во декември.

Во врска со идните проширувања и капацитетот за интеграција на Унијата се цени дека не треба да се наметнуваат нови критериуми за земјите апликанти. Реорганизацијата на внатрешните правила на ЕУ не треба да го загрози процесот на проширување. Во врска со идното проширување беше речено дека ако Хрватска и Турција се подготвени ЕУ треба да ги прифати како членки.

На реакциите во врска со приемот на Турција во ЕУ финскиот премиер подвлече дека треба да се има поширок пристап за ова прашање и наместо да се гледа наназад, да се гледа напред. Идните одлуки за тоа како да се реши сегашната ситуација ќе се базираат на предлозите на Комисијата.

### *Правда и внатрешни работи- Преглед на Хашката програма*

Во воведното излагање комесарот Фратини се осврна на клаузулата passarelle, проширувањето на Шенгенската област, борбата против тероризмот и организираниот криминал, прашањата на нелегално и легално доселување и примената на принципите на пропорционалноста и субсидијарноста на предолжената Директива за семејство.

Комисионерот Фратини ја потенцира важноста на воспоставување заедничка европска безбедносна политика и правда, подрачје во кое според анкетите 60 % од граѓаните на ЕУ очекуваат да се постигнат конкретни резултати. Тој повика на користење на т.н. клаузула passarelle во членот 42 од Договорот за Европската унија во функција на поефикасно донесување на одлуки на ЕУ во третиот столб, при што треба да се додадат дополнителни прашања од областа на правдата во надлежност на Европскиот суд на правдата и да се зголеми улогата на Европскиот парламент. Посочи дека примената на оваа клаузула ќе го зајакне капацитетот на Европската унија и во борбата против тероризмот и организираниот криминал.

Осврнувајќи се на доцнењето на проширувањето на Шенгенската област со новите земји членки Фратини најави разговори за решавање на ова прашање за време на претседателство со ЕУ од страна на Португалија.Соочен со серија на критики од делегациите на новите земји членки и од Домот на Лордовите на Обединетото кралство, тој објасни дека сегашниот застој е предизвикан од одредени технички причини. Ако потребните одлуки се донесат за време на португалското претседателство со ЕУ, приемот во Шенгенската област за сите земји што ги исполнуваат критериумите би се реализирал на крајот на 2007 година.

******

### *Северната димензија и Русија*

На 36-от состанок на КОСАК беше дискутирано и за развивање на Северната димензија на политиката на Унијата. За оваа тема свои излагања имаа Претседателот на Финскиот Парламент Паавo Липонен и Претседателот на поткомисијата во Комисијта за меѓународни односи во Руската Дума , Г-дин Андреј Климов.

Заедничка беше констатацијата дека новиот Договор за партнерство и соработка меѓу Русија и земјите членки на ЕУ треба да биде заснован на заеднички вредности и интереси (PSA)

*

* *

На 36-от КОСАК Заменикот на претседателот на Комисијата за европски прашања **г-нот Благој Зашов,** оствари контакти со повеќе претседатели и членови на комисиите за европски прашања на земјите членки на Европската унија, при што беа разменети мислења за повеќе актуелни прашања во Унијата. Во разговорите со европарламентарците г-нот Зашов го актуелизираше прашањето за што поскоро отпочнување на преговори за прием на Република Македонија во ЕУ.

Покрај можноста да се лобира за интересите на Република Македонија, состаноците на КОСАК се корисни и од аспект на следење на тековната работа на националните парламенти на земјите членки на ЕУ, но и од аспект за непосредно запознавање со практичната примена на принципите на пропорционалноста и субсидијарноста .

*

* *

**ПРИЛОГ 1**

Заклучоци од 36-тиот КОСАК
Хелсинки, 20-21 Ноември 2006 година

1. На 34-тиот КОСАК беше одлучено да се охрабрат националните парламенти да спроведат истовремена проверка на субсидијарноста и на пропорционалноста на два претстоечки законски предлози на ЕУ. Двата законски предлози кои беа предложени беа Предлогот на Комисијата за Регулатива на Советот за измена на Регулативата (ЕС) Но 2201/2003 во однос на надлежноста и воведувањето на правила за правото применливо во брачните прашања и Предлогот на Комисијата за Директива на Европскиот парламент и на Советот за измена на Директивата 97/67/ЕС која се однесува на целосното остварување на внатрешниот пазар на поштенските услуги во Заедницата.

2. 27 парламентарни дома од 20 земји-членки спроведоа проверка на субсидијарноста и на пропорционалноста на предлогот на Комисијата за применливото право и надлежноста во брачните прашања. Недвојбено мнозинство од парламентарните домови не утврди повреда на принципите на субсидијарност и пропорционалност; сепак некои од нив имаа забелешка дека Европската комисија не обезбедила доволно оправдување за својот предлог. Националните парламенти во моментот го разгледуваат предлогот за комплетирање на внатрешниот пазар во поштенските услуги; оваа проверка треба да заврши во рок од шест недели од денот на објавувањето на сите јазични верзии.

3. Целта на овие две проверки е да се зајакне контролната улога на парламентите, онака како што е предвидена во Протоколот за улогата на националните парламенти кон Договорот од Амстердам; да им се овозможи да ги проверуваат и подобруваат нивните процедури за донесување на одлуки по однос на субсидијарноста и пропорционалноста; да се овоможи проценка на образложенијата доставени од Комисијата и да се демонстрира пред Комисијата улогата на националните парламнети во однос на субсидијарноста.

4. КОСАК ги поздравува одлуките на Европскиот совет и на Конференцијата на спикери на ЕУ да се охрабрат националните парламенти да ја засилат соработката во набљудувањето на прашањата поврзани со субсидијарноста во рамките на КОСАК. Националните парламенти ја сметаат за корисна размената на информациите и најдобри практики во однос на набљудувањето на принципите на субсидијарност и пропорционалност во рамките на КОСАК.

5. По завршувањето на втората проверка на субсидијарноста и пропорцијалноста, КОСАК пристапуваа кон проценување на најдобрата практика во врска со овие проверки и разгледување на можностите за

националните парламенти да ја унапредат својата соработка во овој поглед.

6. КОСАК забележува дека големо мнозинство од националните парламенти ја поздравуваат иницијативата на Комисијата за директно доставување до нив на своите законски предлози и другите документи. Влијанието на оваа иницијатива ќе зависи од една страна од тоа како секој национален парламент ќе одлучи да ја спроведува оваа нова процедура и од друга страна од начинот на кој Комисијата ќе одбере да одговори на забелешките на националните парламенти до неа. Националните парламенти се обврзуваат изјавите кои ги поднеле до Комисијата да ги достават до секој од другите парламенти во најкус можен рок. КОСАК наскоро ќе изработи првична процена на дијалогот меѓу Комисијата и националните парламенти, врз основа на согледувањата испратени до Комисијата за законските предлози и консултативните списи доставени директно со важење од 01.09 2006 година.

7. КОСАК ја констатира важноста на парламентарната соработка во областа на слободата, безбедноста и правдата, особено во однос на одлуките донесени во третиот столб. КОСАК ги повикува следните Претседателства да истражат како националните парламнети може да ја подобрат соработката во оваа област.

8. КОСАК констатира дека IPEX би можел да ја подобри парламентарната соработка во контролирањето на областа на слободата, безбедноста и правдата. КОСАК бара од Одборот на IPEX да ги преземе потребните чекори за да се обезбеди платформа за размена на информации меѓу националните парламенти по однос на прашања од третиот столб.

9. КОСАК го поздравува предлогот за дебата за Годишната политичка стратегија на Комисијата на пролетниот состанок на КОСАК. За разлика од Работната и законодавна програма на Комисијата, Годишната политичка стратегија на Комисијата е отворена за дискусија и изменување, на тој начин овозможувајќи им на парламентите да го остваруваат своето влијание.

10. КОСАК смета дека Секретаријатот придонесува за ефективноста на КОСАК. Понатаму, КОСАК забележува дека мнозинството од националните парламенти искажаа подготвеност да учествуваат во трошоците на националниот парламент кој ќе испрати службено лице на позицијата - постојан член од јануари 2008 година - на доброволна база ако е неопходно. КОСАК се надева дека секоја од делагациите ќе покаже спремност како и мнозинството од националните парламенти, со цел статусот на Секретаријатот да биде утврден во Деловникот за работа во текот на 2007 година. КОСАК ги поканува парламентите на секоја од земјите членки да утврдат и предложат соодветни кандидати за позицијата - постојан член на Секретаријатот, заради преземање на позицијата од јануари 2008 година.

**ПРИЛОГ бр.2**

**Придонес усвоен од 36-тиот КОСАК**
Хелсинки, 20-21 Ноември 2006 година

## 1.Соработка со Европската Комисија и Советот

1.1 КОСАК ја цени првичната имплементација на обврската на Европската комисија за директно доставување на сите нови законски предлози и консултативни списи до националните парламенти. Оваа информација е важна бидејќи им овозможува на националните парламенти да ја зајакнат парламентарната контрола и да го подобрат процесот на формулирање на политиката.

1.2 КОСАК. исто така го цени повикот на Европската комисија кон националните парламенти за коментари на законските предлози и консултативните списи и нејзината заложба да ги земе предвид изнесените гледишта, особено во поглед на принципите на субсидијарност и пропорционалност. Идното влијание на националните парламенти во одлучувањето во ЕУ ќе зависи од нивната волја и способност да ги остварат своите одговорности за контролирање на предлозите на Европската комисија.

1.3 За да се осигури навремено реагирање од страна на националните парламенти, се бара од Европската комисија да обезбеди подетални информации за нејзините предлози, со цел да им се овозможи на националните парламенти подобро да ги програмираат своите анализи. Ваквите информации, заедно со придружната процена за идното влијание, ќе им овозможат на националните парламенти да дискутираат за суштествената политичка насока на Европската Комисија, како и што е предвидено во иницијативата на претседателот Баросо и одобрено од Европскиот совет.

1.4 КОСАК исто така го поздравува објавувањето на информацијата за Работната и законодавна програма на Европската комисија за 2007 година на сите службени јазици.

1.5 КОСАК го повикува Советот да го почитува шест-неделниот период помеѓу достапноста на преводите на сите службени јазици на новите законски предлози и нивното внесување во Дневниот ред на Советот.

1.6 КОСАК го охрабрува Советот да го продолжи процесот на отварање на состаноците за јавноста секогаш кога ги разгледува нацрт законските предлози и гласа за нив, со цел да се намали јазот меѓу граѓаните и Унијата и да се овозможи поефикасна контрола на одлуките на Советот од страна на националните парламенти. КОСАК ги повикува следните Претседателства и Европската комисија да работат активно на

подобрувањето на јавниот пристап до документите, бидејќи правото на пристап до документите би требало да биде основен принцип на работа на институциите на ЕУ. Во оваа насока, КОСАК исто така ја потенцира важноста на Иницијативата на Комисијата за транспарентност.

**2. Иднината на Европската унија**

2.1 КОСАК ги повикува финското и германското претседателство да осигураат преминување од идеја на акција со цел постигнување договор во врска со Уставот. Заедничкиот парламентарен состанок што ќе се одржи на 4 и 5 Декември 2006 година уште еднаш ќе обезбеди прилика за продолжување на дискусиите на парламентарците од националните парламенти и од Европскиот парламент за иднината на Европската унија и за споделување на идеи со Советот и со Европската комисија. КОСАК го повикува Германското претседателство да побара мислења од националните парламенти и од Европскиот парламент и да ги земе предвид при подготвување на Берлинската декларација за 50-годишнината од Договорот од Рим.

2.2 КОСАК ја поздравува иницијативата која на 22 и 23 март 2007 година ќе ја промовира Италијанскиот парламент во знак на одбележување на 50-годишнината од Договорите од Рим. Иницијативата ќе им овозможи на претставниците на националните парламенти и на Европскиот парламент, да го потенцираат значењето на тој датум за животите на луѓето кои тие ги претставуваат и да придонесат за заедничко разгледување на најдобрите можни начини за придвижување на процесот на Европската интеграција.

2.3 Покрај овие институционални прашања, КОСАК смета дека е од суштинско значење да се заживее Лисабонскиот процес за раст и вработување. Годишната политичка стратегија би требало да содржи конкретни мерки во однос на оваа цел.

2.4 КОСАК го поддржува пристапувањето на ЕУ кон Европската конвенција за човекови права. Сите членови на ЕУ ја имаат ратификувано Европската конвенција за човекови права и ја поддржуваат Повелбата за основните права, како што беше декларирано во Ница во 2000 година.

3. Областа на слобода, безбедност и правда

3.1 КОСАК го повикува Советот да ги засили напорите за решавање на приблемот на незаконска имиграција и во исто време да работи на кохерентна стратегија за законската имиграција. Имиграционата политика е прашање од животно значење за иднината на Европската унија и би требало да се заснова на посеопфатна политика координирана со развојот и трговските политики. Изнаоѓање на заедничко решение е од клучно значење за сите земји-членки и за ЕУ како целина. Такво решение

клучно значење за сите земји-членки и за ЕУ како целина. Такво решение е исклучително значајно, особено во поглед на имигрирањето од Афричкиот континент и ќе овозможи конкретно надоврзување на Конференцијата одржана во Рабат во јули 2006 година на која учествуваа претставници од земјите на потекло, земјите на транзит и одредишните земји.

3.2 КОСАК ја потенцира важноста на унапредувањето на Областа на слобода, бебедност и правда. Граѓаните очекуваат од Унијата да биде ефикасна во гарантирањето на нивната безбедност. Сепак, треба да постои рамнотежа меѓу безбедноста и основните права, особено на полето на заштитата на податоците. Гарантирањето на слободно движење на граѓаните, нивна безбедност и пристап до правдата бара поефикасна имплементација од страна на земјите членки. За остварување на очекувањата на нашите граѓани потребна е засилена политичка посветеност и меѓусебна доверба во правосудните системи на земјите-членки .

3.3 КОСАК потсетува дека шенгенското *acquis* е дел од европското *acquis* кое е отворено кон сите членки кои се подготвени да се придружат и да ги исполнат критериумите. Со жалење се констатира сега неизбежното доцнење на комплетирањето на SIS II, но сепак КОСАК ја потенцира важноста на неговото развивање врз основа на нов и прецизен распоред.

3.4 Со оглед на тоа дека укинувањето на внатрешните граници е од најголемо значење за граѓаните на ЕУ, КОСАК повикува да се вложат максимални напори за да се овозможи проширување на Шенгенската област, согласно со првичниот распоред одобрен од Европскиот совет во јуни 2006 година. Затоа, КОСАК ги поздравува сеопфатното разгледување од страна на Европската комисија и Советот на Европската унија на иницијативата која овозможува навремено проширување на Шенгенската област врз основа на постојниот SIS II.

3.5 КОСАК ги бележи напорите направени од Претседателството и од Европската комисија за унапредување на процесот на одлучување во областа на правдата и внатрешните работи, особено по прашањата од третиот столб. Ова прешање е од важност за ефективноста на ЕУ во заштита на безбедноста на граѓаните.

4.Проширување

4.1 КОСАК го поздравува пристапувањето во Унијата на Бугарија и Романија од 1 јануари 2007 година и ги охрабрува колегите парламентарци од двете земји да работат ефикасно во насока на завршување на финалните подготовки за пристапување. КОСАК го повикува Европскиот совет да дебатира отворено за сите аспекти за понатамошното проширување, вклучувајќи го интегративниот капацитет на Унијата и

позитивните искуства здобиени досега. Користа од процесот на проширувањето треба соодветно да и се објасни на јавноста.

5. ЕУ и Русија

5.1 КОСАК го поддржува дијалогот со Русија за новиот Договор за партнерство и соработка ( РСА ). ЕУ и Русија имаат заеднички интереси и блиската соработка треба да продолжи. Оваа соработка не треба да се концентрира само на економски теми, туку и на прашања од областа на животната средина, енергијата, здравството и социјалната политика. КОСАК потенцира дека идните преговори за РСА би требало да вклучат прашања од областа на демократијата, владеење на правото, човековите права и основните слободи, користејќи ги целосно и постојните инструменти на Советот на Европа. Значењето на овие вредности е особено нагласено со последните неприфатливи настани, особено убиството на Ана Политковскаја.

5.2 КОСАК смета дека РСА би требало да се базира на еднакво партнерство помеѓу ЕУ и нејзините земји членки од една страна и Русија од друга страна, засновано врз заеднички вредности и интереси. Солидарноста меѓу ЕУ и нејзините земји членки е основен принцип кој би требало да се применува во заедничката трговска политика на ЕУ, особено во трговските спорови со други држави, како што е сегашниот спор меѓу Полска и Русија